РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-155/2
31-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99 - та седница, одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр.09-2625/1 од 29.05.2023 година, оформен по поднесена пријава против проф.д-р ----- од ЈЗУ Универзитетска клиника за ------- **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК за констатираната повреда издаде прекршочен платен налог и откако не беше прифатена постапката за порамнување, поведена е постапка пред надлежен прекршочен орган и истата не е правосилно завршена.

Одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До ДКСК поднесена е пријава од познат подносител против проф.д-р ------, заведена под архивски број 12-1386 од 28.02.2023 година, а со службена белешка од 29.05.2023 година, предметот е прераспореден во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање и оформен е предмет бр.09-2625.

Пријавата содржи наводи дека на ден 20.10.2022 година, именуваната како -----, во име и за сметка на ЈЗУ Универзитетска клиника за -------, склучила Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу ЈЗУ кои упатуваат супспецијалисти и Медицинскиот факултет Скопје со кој ЈЗУ Универзитетска клиника ----- презема обврски да ги сноси трошоците за супспецијализирање на упатеното лице --------------.

Согласно член 23 став 1 од Законот за спречување и судирот на интереси, заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите од пријавата, ДКСК пристапи кон прибирање податоци и информации, по што го утврди следното:

Со Решение број 04---/2 од ------ година на Министерот за здравство, -------- е именувана за -------- на ЈЗУ Универзитетска клиника за ---------.

На ден 16.09.2022 година ----- како -----, заедно со ------------ донеле Одлука за распишување на Интерен оглас бр.---- од ---- година за упатување на специјализација и супспецијализација на здравствени работници и здравствени соработници, потпишана од ------.

На интерниот оглас објавен на ден ----- година се јавила именуваната како единствен кандидат, по што видно од Записник бр.--- од --- година учествувала во постапката за евалуација на доставената документација и извршено рангирање.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Заради постоење на приватен интерес во конкретниот случај, како службено лице била должна да побара да биде изземена и да запре со своето постапување или да побара мислење од Државната комисија.

Видно од доставените докази именуваната не запрела со своето постапување, па откако била донесена Одлука бр.--- од --- година од Управниот одбор на ЈЗУ Универзитетска клиника ----, на ден – година потпишала Договор бр.-- од --- година за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу јавните здравствени установи кои упатуваат суспецијалисти и Медицинскиот факултет Скопје, а притоа се јавува истовремено како ----- и како ----- лице.

Со потпишување на договорот од страна на --- како --- во име и за сметка на ЈЗУ Универзитетска клиника за ----, преземени се обврски да ги сноси трошоците за суспецијализирање на упатеното лице, ----.

Така, согласно член 1 од Договорот, ,,Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј,,- Медицински Факултет-Скопје превзема обврска да му издаде решение за отпочнување на суспецијализација по суспецијалноста ------- и да го едуцира во согласност со програмата за суспецијализација, лицето ----, вработено во ЈЗУ Универзитетска клиника -----.,, Согласно член 2 од Договорот ,,ЈЗУ Универзитетска клиника за ----... е должна да ги сноси трошоците за суспецијализирање на ---- под условите утврдени со Одлуката за надоместокот за спроведување на теоретската настава и практичната обука и за полагање на испит.

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

Член 2 став (3)

,,*Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.,,*

Член 75 став (1):

*,,Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.,,*

ДКСК констатира дека упатувањето на здравствените работници и здравствените соработници на специјализација, односно суспецијализацијата е уредено согласно член 139, 148, 149 од Законот за здравствената заштита и Правилникот за специјализациите и суспецијализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование од областа на медицината

ДКСК изврши анализа на добиените одговори и ги ценеше релевантните околности по што недвосмислено констатира дека именуваната во својство на службено лице имала приватен и финансиски интерес со правното лице, па со тоа што не побарала да биде изземена и да запре со своето постапување, постапила спротивно на член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, што е предвидено како прекршок казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од истиот закон. Согласно закон беше понудена постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, што од страна на именуваната не беше прифатено.

Од овие причини согласно член 114 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 58 став 1 и член 83 став 2 од Законот за прекршоците (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.96/19) ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, по што Прекршочната комисија донесе решение бр.14- /1 од ----- година и оваа постапка не е правосилно завршена.

Имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Контролирал:К.З., раководител
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК